СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 9 април 1969
Скопје
Број 13 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

77.

Врз основа на член 49 алинеја 3, а во врска со член 34 став 1 од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ“ бр. 45/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесе

НАРЕДБА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ЛОВОСТОЈ НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ РИБИ И РАКОВИ

I.

Се забранува ловење на следните видови риби и ракови во одделни риболовни води и тоа во времето:

А. — ВО ЕЗЕРАТА

Охридско Езеро

1. пастрмка

— охридска пастрмка (пештанска зимска) од Југословенско-албанската граница кај манастирот Св. Наум до вливот на р. Сатеска во Охридското Езеро од 20. XII. до 20. III.

— охридска пастрмка (летна форма) во реонот Градишта Велјапешт од 15. VI. до 15. VIII.

— охридска пастрмка (струшка раса) од вливот на р. Сатеска до Југословенско-албанската граница кај село Калишта од 20. XII. до 10. III.

— пастрмка во р. Црни Дрим од истекот од Охридско Езеро до даљанот од 1. XII. до 1. III.

2. белвица од 25. XII. до 20. II.
3. шаран од 20. V. до 15. VI.
4. плашица од 15. V. до 15. VIII.

Преспанско Езеро

1. шаран од 10. V. до 31. V.
2. нивичка од 20. V. до 20. VII.
3. скобуст од 20. IV. до 20. V.

Дојранско Езеро

1. шаран од 25. III. до 30. IV.
2. црвеноперка од 1. IV. до 30. IV.
3. беловица од 1. VI. до 31. VIII.
4. благороден рак од 15. XI. до 1. IV.

За заградената црвеноперка во мандрите до почеток на ловостојот, ловот може да се врши до 15. IV.

Мавровско Езеро

1. пастрмка од 1. XI. до 31. I.
2. благороден рак од 15. XI. до 1. VI.

Б. — ВО РЕКИТЕ

1. за сите видови пастрмки од 1. X. до 15. I.
2. за сите останати видови риби од 15. IV. до 15. V.
3. за благороден рак од 1. XII. до 15. V.

Се забранува лов на пастрмка во Преспанско Езеро и лов на секаков вид риба во реките Лакавица (гостиварско) и Брајчинска река (ресенско) од изворите до устијата, во периодот од 15. IV. 1969 година до 15. IV. 1971 година.

II.

По исклучок од одредбите на претходниот оддел, дозволен е лов на риба за време на ловостој со цел собирање икра за вештачко размножување на риби за порибување на водите, на работни организации кои имаат мрестилишта и се занимаваат со ваква дејност, во времето од:

Во Охридско Езеро

— за охридска пастрмка (пештанска зимска) од 20. I. до 20. III.

— за охридска пастрмка (струшка раса) од 10. I. до 10. III.

— пастрмка од р. Црни Дрим од истекот од Охридско Езеро до даљанот од 1. XII. до 1. III.

Во Преспанско Езеро од 10. I. до 31. III.

Во Мавровско Езеро од 20. XI. до 31. I.

Организациите од претходниот став се должни сите уловени целоикрени (недозреани) риби да ги враќаат живи во риболовната вода.

III.

Со влегување во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за одредување ловостој на одредени видови риби и ракови („Службен весник на НРМ“ бр. 6/60 и 16/60 и „Службен весник на СРМ“ бр. 2/68 и 2/69).

IV.

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 08-647/1
24 март 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски**, с. р.

78.

Врз основа на член 49 алинеја 1 од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ“ бр. 45/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

НАРЕДБА
ЗА ЗАБРАНА ЛОВЕЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ РИБИ И РАКОВИ ПОД ОДРЕДЕНА ГОЛЕМИНА

I.

Се забранува ловење на риби и ракови во риболовните води под големината одредена со оваа наредба.

Најмалата големина под која е забрането ловење на одделни видови риби и ракови изнесува:

— охридска пастрмка	32 см.
— речна пастрмка	25 см.
— мавровска пастрмка	30 см.
— преспанска пастрмка	30 см.
— охридска белвица	22 см.
— крап од Охридско и Преспанско Езеро	28 см.
— крап од Дојранско Езеро	30 см.
— речен крап	25 см.
— охридска плашица	11 см.
— преспанска нивичка	12 см.
— дојранска беловица	12 см.
— дојранска црвеноперка	15 см.
— преспански скобуст	20 см.
— сом	40 см.
— благороден рак	10 см.

Големината на рибата се мери од врвот на рилката до крајот на опашната перка, освен кај пастрмката и белвицата каде што големината се мери до крајот на средните зраци на опашната перка.

Големината на ракот се мери од очите до крајот на опашката.

II.

Отстапување од предвидената големина при уловот на риби се дозволува најмногу до 10% кај: беловицата, плашицата и нивичката и 5% кај црвеноперката.

III.

Со влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за забрана ловење одделни видови риби и ракови под одредена големина („Службен весник на НРМ" бр. 6/60).

IV.

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 08-647/1
24 март 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски,** с. р.

79.

Врз основа на член 49 алинеја 5 од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ" бр. 45/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесе

НАРЕДБА
ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ УПОТРЕБАТА НА РИБОЛОВНИ СРЕДСТВА ЗА СТОПАНСКИ И СПОРТСКИ РИБОЛОВ

I.

1. Се забранува вршење на стопански риболов во риболовните води со следните риболовни средства чија големина на окцата од јазел до јазел во влажна состојба е помала од:

— скобусничар	30 мм.
— „мрежа" за пастрмка	42 мм.
— мрејца за белвица	28 мм.
— крапарник за шаран	56 мм.
— мегдански влак	16 мм.
— пештански влак	16 мм.
— влачка	16 мм.
— белвачар	12 мм.
— слепо влаче	10 мм.
— карели	42 мм.
— апладе	20 мм.
— грунечник	22 мм.
— грунчар	20 мм.

— други видови мрежи чија големина на окцата не е помала од големината на окцата предвидена за одделни видови мрежи за соодветен вид риба.

2. Се забранува употребата на следните риболовни средства:

а) плашичарник на Охридско Езеро;

б) „мрежата" за пастрмка и други стоечки риболовни средства за лов на пастрмка за собирање икра за вештачко размножување на рибите и тоа: за охридското подрачје (од југословенско-албанската граница кај манастирот Свети Наум, до вливот на р. Сатеска во Охридско Езеро) од 20. XII. до 15. II., а за струшкото подрачје (од вливот на р. Сатеска во Охридско Езеро до Југословенско-албанската граница кај с. Калишта) од 20. XII. до 1. II.

Забраната на риболовните средства од точка б) важи за периодот од 15. IV. 1969 година до 15. II. 1971 година;

в) белвичар, летни и зимски коци, преспански сак за нивичка и сачма (сертме) на Преспанско Езеро;

г) потиск за крап на езерата;

д) блинкер со влечење за лов на пастрмки на Охридско Езеро во периодот од 1. XI. до 30. IV.

II.

1. Се забранува вршење на спортски риболов во риболовните води со следните риболовни средства:

а) повеќе од два стапа со повеќе од 3 јадици на секој стап;

б) повеќе од еден стап (трска) со една мушица или блинкер за лов на пастрмки;

в) самица, струк, чекало, кош и разни видови мрежи;

г) црв и други живи мамци за лов на пастрмки;

д) блинкер со влечење за лов на пастрмки на Охридско Езеро во периодот од 1. XI. до 30. IV.

2. Во дозволеното време за риболов со блинкер на Охридско Езеро може да се употреби само една жила со еден блинкер.

III.

Со влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за ограничување употребата на риболовни средства („Службен весник на НРМ" бр. 6/60) и Правилникот за вршење спортски риболов („Службен весник на НРМ" бр. 6/60 и 21/62).

IV.

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 08-647
24 март 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски,** с. р.

80.

Врз основа на член 49 алинеја 2 од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ" број 45/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесе

УПАТСТВО
ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА ЗА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ И НА ДОЗВОЛИ ЗА СПОРТСКИ РИБОЛОВ

1. Легитимација за рибарите што вршат стопански риболов како и годишна и дневна дозвола за спортски риболов се издаваат според обрасците кои се составен дел на ова упатство.

2. Со легитимацијата се утврдува својството на рибар — за вршење стопански риболов.

3. Големината на легитимацијата за стопански риболов е 10 x 7 см. а нејзините корици се полутврди и обоени со сина боја.

4. Легитимацијата за стопански риболов важи за календарска година за која е издадена, односно за календарска година за која е нејзиното важење продолжено, до колку изречно не е означен покус рок.

Продолжувањето на рокот на важењето на легитимацијата за наредната година го врши организацијата која ја издава дозволата.

5. Со дозволата за спортски риболов се здобива со право на вршење спортски риболов.

6. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 08-647
24. III. 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски,** с. р.

РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА
СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА

Бр. ————

Образец за легитимација за стопански риболов
формат 10 x 7 см.

ГРБ НА РЕПУБЛИКАТА

Легитимација на рибар што врши стопански риболов
(втора страна на кориците)
Фотографија големина 6 x 4 см.

Своерачен потпис на рибарот
(прва внатрешна страна)

(Назив на организацијата која ја издава легитима- ———— овластен е на рибарското подрачје —— цијата)
———————— да врши стопански риболов под условите утврдени со општиот акт на организацијата.

Број ————
ден ———— 19—— год.
во ————

Потпис на старешината на работната организација
М. П.

(Втора, трета и четврта внатрешна страна)
Легитимацијата важи:
до ———————— 19—— година

М. П.

Потпис на старешината на работната организација

до ———————— 19—— година

М. П.

Потпис на старешината на работната организација

до ———————— 19—— година

М. П.

Потпис на старешината на работната организација

(третата и четвртата страна на корицата остануваат празни)

Образец бр. 1

Работна организација ————————
Спортско риболовно друштво ————————

ГОДИШНА ДОЗВОЛА ЗА СПОРТСКИ РИБОЛОВ

Врз основа на член 25 од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ“ бр. 45/68) се дозволува на ———————— од ————
бр. лична карта ———— издадена од ————
член на спортско риболовно друштво ————
да може да врши риболов во риболовната вода ———————— со риболовни средства дозволени за спортски риболов.

За оваа дозвола наплатен е надомест во износ од ———— со букви (————————) динари.

Оваа дозвола важи од 1. I. до 31. XII. 19—— година.

Број ————
———— 19—— година

Потпис на овластеното лице,

М. П.

Образец бр. 2

Работна организација ————————
Спортско риболовно друштво ————————

ДНЕВНА ДОЗВОЛА ЗА СПОРТСКИ РИБОЛОВ

Врз основа на член 25 од Законот за рибарство („Службен весник на СРМ“ бр. 45/68) се дозволува на ———————— од ————
бр. лична карта ———— издадена од ————
да може да врши риболов во риболовна вода ———— ———————— со риболовни средства дозволени за спортски риболов.

За оваа дозвола наплатен е надомест во износ од ———— со букви (————————) динари.

Оваа дозвола важи од ———— до ———— со лична карта.

Број ————
———— 19—— година

Потпис на овластеното лице,

М. П.

81.

Врз основа на член 5 од Законот за книговодство на работните организации од општествените дејности („Службен весник на СРМ“, бр. 11/69), републичкиот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО
ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ КОНТА ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Работните организации од општествените дејности (во натамошниот текст: организации од општествените дејности) го водат своето книговодство по контниот план за работните организации од општествените дејности утврден со Законот за книговодството на работните организации од општествените дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 11/69) според одредбите на ова упатство.

2. Организациите од општествените дејности самостојно ги расчленуваат пропишаните задолжителни конта на аналитички конта. Податоци за синтетичките конта организациите од општествените дејности обезбедуваат на начин кој одговара на техниката што ја применуваат во книговодството.

II. СОДРЖИНА НА КЛАСИТЕ, ГРУПИТЕ И ОДДЕЛНИ КОНТА

Класа 0: **Основни средства, средства на заедничка потрошувачка и средства на резервите**

3. На контата од групата 00 — Основни средства во функцијата, се водат сите основни средства во функција. На контата од оваа група се водат и заедничките основни средства по категории на основни средства сразмерно со височината на вложените средства.

На контото 002 — Градежни објекти и рударски работи, се водат сите градежни објекти и вредноста на рударските работи и длабинските дупчења кои претставуваат основни средства.

На контото 003 — Орудија за работа, се водат сите орудија за работа во смисла на одредбите од Законот за средствата на работните организации.

На контото 008 — Други основни средства, се водат сите други основни средства што не се опфатени на контата 002 и 003, како што се: земјишта, основно стадо, патенти, лиценци и други права и слично.

На контото 010 — Трајно неупотребливи основни средства, се водат основните средства што во организациите од општествените дејности се наоѓаат трајно надвор од употреба и основните средства што во подолг временски период нема да се употребуваат. Во рамките на ова конто се водат и основните средства што се издвоени за расходување.

На контата од групата 02 — Исправка на вредноста на основните средства, се водат книговодствените отписи што ѝ одговараат на пресметаната амортизација и книговодствените отписи за оние основни средства за кои не се пресметува амортизација во согласност со одредбите на Законот за амортизација на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 30/68 и 50/68), Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/66, 40/68 и 50/68) и Законот за стопите на амортизација и користењето на средствата на амортизацијата во работните организации од општествените дејности („Службен весник на СР Македонија", бр. 42/67).

На контото 023 — Исправка на вредноста на орудијата за работа се водат: пресметаната амортизација и книговодствените отписи на орудијата за работа, во согласност со одредбите на Законот за амортизацијата на основните средства на работните организации, Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации и Законот за стопите на амортизацијата и користењето на средствата на амортизацијата во работните организации од општествените дејности.

На контото 028 — Исправка на вредноста на другите основни средства, се води амортизацијата и книговодствените отписи на другите основни средства, за кои не се предвидени посебни синтетички конта во групата 02, што се водат на контата 002 и 008.

6. На контата од групата 03 — Основни средства во подготовка, се водат паричните средства издвоени за инвестиции, вредноста на опремата и инвестициониот материјал во залихи, вредности на основните средства чија изградба односно изработка е започната, а не е завршена, како и инвестициите на кои работите се запрени.

На контото 030 — Издвоени парични средства за инвестиции, се водат паричните средства издвоени за инвестиции на посебна сметка кај Службата на општествено книговодство (во натамошниот текст: Службата), средствата што според посебни прописи се издвоени и чија потрошувачка се ограничува и дадените аванси за инвестиции, како и другите средства издвоени за финансирање на инвестициите во согласност со важечките прописи.

На контото 031 — Други основни средства во подготовка, се води вредноста на опремата и инвестициониот материјал во залихи, вредноста на основните средства чија изградба е во тек, како и инвестициите на кои работите се запрени.

7. На контото од групата 05 — Средствата на резервите, се водат паричните средства на резервниот фонд што се наоѓа на посебна сметка кај Службата и што се вложени за други цели во согласност со посебните законски прописи.

На контото 050 — Парични средства на резервниот фонд, се водат паричните средства на резервниот фонд што се наоѓаат на посебна сметка кај Службата во согласност со одредбите на Законот за средствата на работните организации.

На контото 051 — Пласмани и други средства на резервите, се водат средствата на резервниот фонд што се орочени или се на друг начин пласираат за определени работи.

8. На контото 070 — Парични средства на другите фондови, се водат паричните средства на другите фондови што организациите од општествените дејности ги формираат во согласност со одредбите на Законот за средствата на работните организации и Основниот закон за установите и со други прописи.

9. На контата од групата 08 — Средствата за заедничка потрошувачка, се водат средствата на работната организација што се користат во смисла на одредбите од Законот за средствата на работните организации.

На контото 080 — Парични средства на заедничката потрошувачка, се водат паричните средства на заедничката потрошувачка на посебна сметка кај Службата.

На контото 087 — Побарувања, пласмани и други средства на заедничката потрошувачка, се водат побарувањата по основ на средствата за заедничка потрошувачка како и други средства, вклучувајќи ги и средствата вложени во определени работи како што се: орочените средства, вложувањата во кредитниот фонд на банката, дадени кредити на работниците за стамбена изградба и слично.

На контото 088 — Објекти и предмети на заедничка потрошувачка, се води вредноста на средствата за заедничката потрошувачка, како што се: детски установи, спортски објекти, опрема и др. Во рамките на ова конто се водат и објектите и предметите што се наоѓаат во тек на изградба или изработка.

На контото 089 — Исправка на вредноста на средствата на заедничката потрошувачка, се водат книговодствените отписи на средствата за заедничка потрошувачка во согласност со одредбите на член 14 од Законот за амортизација на основните средства на работните организации.

КЛАСА 1: **Финансиски и претсметковни средства**

10. На контата од групата 10 — Парични средства, се водат целокупните парични средства со кои располага работната организација како и менници, чекови и сл., примени за наплата.

Контото 100 — Жиро-сметка, го опфаќа готовинското и неготовинското (вирманско) работење на организациите од општествените дејности по основ на уплати, исплати и дознаки.

На контото 101 — Благајна, се води готовинскиот промет на организациите од општествените дејности што се врши преку благајната.

На контото 108 — Други парични средства, се водат менници, чекови, како и други парични средства за кои во рамките на оваа група не е предвидено посебно конто.

11. На контата од групата 12 — Побарувања од деловни односи, се водат промените настанати во деловните односи по основ на извршените услуги и продажба на стока, продажба на основни средства како и од други деловни односи.

На контото 120 — Купувачи, се водат побарувањата од купувачите во земјата и странство по основ на извршените услуги и продадените стоки и по основ на продадените основни средства.

На контото 125 — Други побарувања од деловни односи, се водат сите други побарувања како што се: сомнителни и спорни побарувања, дадени аконтации за службена работа и сл. исправка на вредноста на сомнителните и спорни побарувања и др.

12. На контото 130 — Побарувања од доходот, се книжат побарувањата од доходот по основ на договорните и законските обврски и аконтациите на личните доходи. Ова конто го употребуваат оние организации од општествените дејности што се занимаваат и со производствено-услужните дејности. Во тој случај, ова конто се задолжува за износот на пресметаните аконтации на товар на доходот со истовремено одобрување на контата од групите 23, 24 и 25. При распределбата на доходот ова конто се одобрува за делот од доходот што се издвојува за покривање на овие обврски во смисла на член 14 став 2 од Основниот закон за утврдување и распределба на доходот во работните организации.

13. На контата од групата 16 — Односи со организациите на здружениот труд, се искажуваат сите деловни односи со организациите на здружениот труд во рамките на работната организација, било тие организации да имаат посебно книговодство или не.

На контото 160 — Односи со самостојните организации на здружениот труд, се искажуваат деловните односи, со самостојните организации на здружениот труд (што немаат својство на правно лице), што имаат делимично или наполно одвоено книговодство.

За секоја самостојна организација на здружениот труд за која не се води посебно книговодство, работната организација во своето книговодство мора да ги обезбеди податоците потребни за утврдување и распределба на доходот и за следење на резултатите од работењето на одделни самостојни организации на здружениот труд.

На контото 165 — Односи со други организации на здружениот труд, се искажуваат деловните односи со другите организации на здружениот труд за кои со статутот на работната организација не е предвидено самостојно да се здобиваат и да го распределуваат доходот и кои имаат делумично или наполно одвоено книговодство.

14. На контото 178 — Пласмани, побарувања и други деловни средства, се водат другите средства, долгорочните вложувања по основ на: вложени средства за заедничко работење, орочени средства од заедничкото работење, орочени средства, вложени средства во кредитниот фонд на банката, како и другите пласмани и побарувања

15. На контото 185 — Непокриена загуба, се искажува дел од загубата што не можел да биде покриен на начин предвиден во Законот за средствата на работните организации и Основниот закон за утврдување и распределба на доходот во работните организации со пренесување од контото 859 — Покривање на загубата, вклучувајќи го и делот што паѓа на товар на деловниот фонд, со тоа што за тој дел истовремено се задолжува контото 900 — Деловен фонд во корист на контото 901 — Обврски за користениот дел на деловниот фонд за покривање на загубата.

16. На контото 190 — Активни временски разграничувања, се книжат издатоците што во моментот на настанувањето немаат карактер на трошоци или не паѓаат на товар на тековниот доход, па поради тоа се предмет на разграничување со односните претсметковни периоди на кои се одредуваат. На ова конто се книжат и законските и договорните обврски што временски се разграничуваат

КЛАСА 2: — **Тековни обврски**

17. На контата под групата 22 — Обврски од деловни односи, се книжат промените настанати од деловните односи по основ на набавка на материјали и стоки, основни средства и извршени услуги.

На контото 220 — Добавувачи, се водат сите обврски према добавувачите во земјата и странство за испорачаните материјали и стоки, извршени услуги и набавените основни средства.

На контото 225 — Други обврски од деловни односи, се водат сите други обврски од деловните односи за кои во оваа група не е предвидено посебно конто.

18. На контата од групата 23 — Договорни обврски, кај организациите од општествените дејности што вршат производствено-услужна дејност, се одобрува износот на пресметаните договорни обврски со задолжување на контото 130 — Побарувања од доходот.

Кај другите организации од општествените дејности, контата од групата 23 се одобруваат за износот на укалкулираните договорни обврски на товар на контото 839 — Распределба на доходот.

На товар на контата од групата 23 — се книжат износите на платените договорни обврски.

На контото 230 — Камата на кредити, се водат износите на обврските по основ на камата на кредити. На товар на ова конто се вршат исплати во текот на годината по тие основи

На контото 231 — Премии за осигурување, се водат износите на обврските на име премии за осигурување. На товар на ова конто се вршат исплати во текот на годината по тие основи.

На контото 232 — Провизии и други надоместоци за банкарски услуги, се водат износите на обврските на име провизија и други надоместоци за банкарски услуги. На товар на ова конто се вршат исплати по основ на провизија и други надоместоци за банкарски услуги.

На контото 233 — Придонеси и членарини, се водат обврските по основ на придонеси и членарини, а на товар на ова конто се вршат исплати по основ на придонеси и членарина.

На контото 238 — Други договорни обврски, се водат обврските за кои не е предвидено посебно конто во оваа група на конта.

19. На контата од групата 24 — Законски обврски, кај организациите од општествените дејности што вршат производствено-услужна дејност, се одобрува износот на пресметаните законски обврски со задолжувања на контото 130 — Побарувања од доходот.

Кај другите организации од општествените дејности, контата од групата 24 се одобруваат за износот на укалкулираните законски обврски на товар на контото 839 — Распределба на доходот.

На товар на контата од групата 24 — се книжат износите на платените законски обврски.

На контото 241 — Придонес за користење градско земјиште, се водат во текот на годината, пресметаните износи на придонесот за користење градско земјиште, утврдени според посебни прописи, како и сите исплати по тој основ.

На контото 242 — Воден придонес, се водат во текот на годината, пресметаните износи на водниот придонес, што се утврдуваат според посебни прописи, како и сите исплати по тој основ.

На контото 248 — Други законски обврски, се водат каматата на деловниот фонд, придонесот за обнова и изградба на Скопје, данокот на промет (освен данокот на промет на стоки на мало) како и сите други законски обврски кои се покриваат од доходот за кои не е предвидено посебно синтетичко конто во оваа група на конта.

20. На контата од групата 25 — Лични доходи и заедничка потрошувачка, кај организациите од општествените дејности што се занимаваат со производствено-услужна дејност, се одобрува износот на пресметаните лични доходи со задолжување на контото 130 — Побарувања од доходот.

Кај другите организации од општествените дејности, контата од групата 25 се одобруваат за износот на укалкулираните лични доходи на товар на контото 839 — Расподелба на доходот.

На товар на контата од групата 25 — се книжат износите на исплатените лични доходи и средствата на заедничка потрошувачка.

На контото 250 — Лични доходи, се искажуваат износите на обврските по основ на аконтациите на личните доходи во текот на годината и износот од доходот за лични доходи над износот употребен за покривање на исплатените аконтации на личните доходи на крајот на годината. На товар на ова конто се вршат сите исплати по основ на личните доходи. При исплатите на личните доходи, за износот на придонесите од личните доходи се задолжува ова конто во корист на контото 261 — Обврски по запрените придонеси од лични доходи.

На контото 255 — Средства за станбена изградба, се водат средствата што во текот на годината се издвојуваат за фондот на заедничка потрошувачка за станбена изградба, средствата за субвенционирање на станарината и средствата за изградба на станови на учесниците од НОВ.

На контото 258 — Користен дел од доходот за тековната заедничка потрошувачка, се водат исплатите во текот на годината што се вршат на товар на средствата на доходот од тековната година за тековната заедничка потрошувачка, која нема карактер на инвестициона потрошувачка. При распределбата на крајот на годината, се врши покривање на исплатените износи на товар на фондот за заедничка потрошувачка, односно на товар на загубата, согласно член 17 од Основниот закон за утврдување и распределба на доходот на работните организации.

21. На контата од групата 26 — Обврски по запрените придонеси и даноци и по други запирања, се водат запрените износи на придонеси и даноци, што работната организација е должна да ги запре

од обврзниците и во определениот рок да ги уплати, како и запирањата по други основи.

На контото 260 — Обврски по запрениот данок на промет, се води износот на данокот на промет на стоки на мало кој при реализацијата на стоките е пресметан односно наплатен од купувачите во височина на пресметаниот износ. Ако обврската за пресметување не се подудира со обврската за уплата, организацијата од општествените дејности може пресметаните износи да ги води и преку контото на разграничувањата, со тоа што износот по кој постои обврска за уплата се книжи во корист на ова конто. Уплатите на данокот на промет се вршат на товар на ова конто.

На контото 261 — Обврски по запрените придонеси од лични доходи, се книжат придонесите од личните доходи (придонеси од личниот доход од работен однос со придонесот за образование, придонесите за социјално осигурување, придонес за непосредна детска заштита и детски додаток и придонес за запослување) на товар на контото 250 — лични доходи, во моментот на исплатата. Уплатените износи на овие придонеси го товарат ова конто.

На контото 262 — Обврски по запрените други придонеси и даноци, се водат запрените придонеси и даноци за кои во оваа група конта не е предвидено посебно конто.

На контото 268 — Обврски по други запирања, се водат запрените износи од работниците по запирањата за кои во оваа група конта не е предвидено посебно конто како што се судските, административните и други забрани.

22. На контата од групата 27 — Други обврски, се искажува состојбата и прометот за определени обврски на работната организација, што не се искажани на други конта.

На контото 275 — Неисплатен дел на лични доходи, се водат износите на неподигнатите лични доходи намалени за износите на придонесите од личниот доход, што се депонирани до конечната исплата.

На контото 278 — Други обврски, се водат другите обврски за кои во оваа група конта не е предвидено посебно конто.

На контото 290 — Пасивни временски разграничувања, се искажуваат однапред пресметаните износи на материјалните и други трошоци што настануваат нерамномерно и кои во зависност од обемот на производството или периодот се укалкулируваат во вредноста на недовршеното производство и готовите производи и стојат наспроти платените издатоци искажани на контото 190 — Активни временски разграничувања. Преку ова конто се книжат и пресметаните износи на договорните и законските обврски што временски се разграничуваат.

На крајот на годината пресметаните износи на контото 290 — Пасивни временски разграничувања, меѓусебно се затвораат со состојбата искажана на контото 190 — Активни временски разграничувања, а разликата паѓа на товар или во корист на резултатите од тековната година, ако не се пренесува во наредниот период како транзиторна пасива односно транзиторна актива.

КЛАСА 3: — **Материјал и ситен инвентар**

24. На контата од групата 31 — Материјал, се искажува движењето и состојбата на материјалите, сировините, помошниот материјал, набавените производи и делови и друго.

На контото 310 — Материјал, се искажува движењето и состојбата на материјалите, сировините, помошниот материјал, горивото и мазивото, набавените полупроизводи и друго.

25. На контото 360 — Ситен инвентар, автогуми и амбалажа, се води ситниот инвентар, автогумите и амбалажата кои не се сметаат како основни средства. При ставањето во употреба односно при трошењето на ситниот инвентар, автогуми и амбалажа, можат да се применат различни начини за пресметување, според одлуката на организацијата од општествените дејности.

На контото 369 — Исправка на вредноста на ситниот инвентар, автогумите и амбалажата, се искажува отпишаниот дел од вредноста на ситниот инвентар, автогумите и амбалажата. При конечното расходување на неотпишаниот дел на вредноста се задолжува соодветната сметка на трошоци со тоа што целокупната набавна вредност од контото 360 — Ситен инвентар, автогуми и амбалажа, се пренесува на контото 369.

КЛАСА 4: — **Трошоци**

26. На контата од класата 4 — Трошоци, се книжат трошоците што се надоместуваат од вкупниот приход (материјалните трошоци на работењето и амортизацијата) и трошоците што се надоместуваат од доходот на работната организација (договорните и законските обврски и личните доходи).

На контата од групата 40 — Материјални трошоци, се водат материјалните трошоци на работењето, во согласност со одредбите на Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации.

На контото 400 — Потрошен материјал, се книжи вредноста на потрошениот материјал (сировините, полупроизводите, горивото и мазивото, набавената електрична енергија и сл.) во врска со работењето на работната организација, пресметана по набавните цени.

На контото 401 — Производствени услуги од други, се книжат трошоците што организацијата од општествените дејности ги има во врска со услугите од други, како што се: поправка и одржување на материјалните добра (поправка и одржување на машините и алатите, возилата, зградите и др.), сообраќајните услуги, поштенско-телефонско-телеграфските услуги, услугите на монтажа и други услуги од работни организации или граѓани и граѓанско-правни лица што се обврзници на придонесот од личниот доход од самостојно вршење на занаетчиски и други стопански дејности, а кои не се сметаат како непроизводствени услуги.

На контото 402 — Непроизводствени услуги, се книжат издатоците за услуги од други лица и работни организации, како што се услугите од дејноста на непроизводното занаетчиство и комуналните дејности, како и сите услуги од областа на културните и социјалните дејности (областа 9 без групата 915 — 60) и дејноста на државните органи и служби (областа 0) и другите интелектуални услуги, вклучувајќи ги и авторските хонорари.

На контото 403 — Дневници, теренски додатоци, награди на учениците во стопанството и сл., се книжат личните примања што имаат карактер на надоместок на трошоците (дневници, теренски додатоци, надоместок за одвоен живот од семејството, издатоци за службена работна облека и други лични примања што не се сметаат како лични доходи и сл.), наградите на учениците во стопанството, учениците на индустриските училишта и учениците на средните училишта со практична обука, наградите на студентите и учениците на средните училишта за време на практична обука, како и надоместоците за странски студенти. Ако на наведените издатоци се плаќаат определени придонеси од личниот доход и други придонеси, се книжат и тие придонеси.

На контото 408 — Други материјални трошоци, се книжат другите материјални трошоци за кои не е предвидено посебно конто во оваа група конта, а претставуваат материјални трошоци на работењето на работната организација.

27. На контата од групата 42 — Амортизација, односно на контото 420 — Амортизација, се книжи износот на пресметаната амортизација според одредбите на Законот за амортизација на основните средства на работните организации, Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации и Законот за стопите на амортизацијата и за користењето на средствата на амортизацијата во работните организации од општествените дејности.

28. На контата од групата 45 — Укалкулиран дел на доходот се книжат трошоците што се надоместуваат од остварениот доход според одредбите од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации.

На контото 453 — Укалкулирани договорни обврски, се книжат износите на укалкулираните договорни обврски што се надоместуваат од доходот како што се: каматата на кредити, премии за осигурување, провизија и други надоместоци за банкарски услуги, придонеси и членарини и друго. Укалкулирањето на тие обврски се вршат во висина на фактички настанатата обврска за односниот период со одобрување на контото 800 — Укалкулиран дел на доходот кај организациите од општествените дејности што вршат и производствена дејност. Кај другите организации од општествените дејности се одобрува контото 830 — Остварен доход.

На контото 454 укалкулирани законски обврски, се книжат износите на укалкулираните законски обврски што се подмируваат од доходот, како што се: придонес за користење на градско земјиште, воден придонес, придонес за обнова и изградба на Скопје и др., со одобрување на контото 800 — Укалкулиран дел на доходот, кај организациите од општествените дејности што вршат и производствена дејност. Кај другите организации од општествените дејности се одобрува контото 830 — Остварен доход.

На контото 455 — Укалкулирани лични доходи, се книжат износите на личните доходи чија висина е определена по основите и мерилата утврдени во општиот акт на работната организација. За износот на укалкулираните лични доходи се товари ова конто, со одобрување на контото 800 — Укалкулиран дел на доходот, кај организациите од општествените дејности што вршат и производствена дејност. Кај другите организации од општествените дејности наместо контото 800, се одобрува контото 830 — Остварен доход.

29. на Контото 490 — Распоред на трошоците, работните организации го одобруваат, на крајот на пресметковниот период, износот на трошоците што се книжени на товар на другите групи конта во класата 4. На овој начин се врши по посреден пат затворање на сите конта во класата 4.

За износот што му се одобрува на контото 490 — Распоред на трошоците, се задолжуваат соодветните конта во класата 6 и 7 односно во класата 5 ако оваа класа се користи зависно од тоа на кој начин работната организација решила во своето книговодство да ги евидентира трошоците.

За трговската дејност работните организации на крајот на претсметковниот период го задолжуваат контото 719 — Трошоци на реализирани трговски стоки, за целокупниот износ на настанатите трошоци со одобрување на контото 490 — Распоред на трошоците.

За угостителската дејност работните организации ги пренесуваат трошоците од класата 4 со задолжување на контото 700 — Трошоци на реализираните производи и производствените услуги.

КЛАСА 5.

30. Употребата на класата 5 е слободна во поглед на содржината и во поглед на расчленувањето на групи конта и на синтетички и аналитички конта.

Организациите од општествените дејности можат класата 5 да ја употребат за евидентирање на пресметките на производството по организациите на здружениот труд, по дејностите, по организационите единици, по бремето, по производите или групите на производи односно услуги, со примена на различни начини на пресметување во согласност со одредбите од Основниот закон за утврдувањето и расподелбата на доходот во работните организации.

Употребата на оваа класа доаѓа предвид само кај оние организации од општествените дејности што покрај својата основна дејност, се занимаваат и со производни дејности.

КЛАСА 6: **Производство, готови производи и трговски стоки**

31. На контата од класата 6 — Производство, готови производи и трговски стоки, се книжат: производството, готовите производи и трговските стоки.

На контото 600 — Производство и сопствени полупроизводи, се води вредноста на производството и на сопствените полупроизводи, зависно од избраниот начин на пресметување, а во согласност со одредбите на член 88 од Законот за средствата на работните организации и со одредбите на член 10 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации, со тоа што делот на вредноста кој се однесува на укалкулираниот дел на доходот се искажува и на побарувачката страна на контото 800 — Укалкулиран дел на доходот.

32. На контото 630 — Готови производи, се искажува вредноста на готовите производи во зависност од избраниот начин за пресметување, а во согласност со одредбите на член 87 од Законот за средствата на работните организации.

Притоа, делот на вредноста кој се однесува на укалкулираниот дел на доходот се искажува и на побарувачката страна на контото 800 — Укалкулиран дел на доходот.

33. На контата од групата 66 — Трговски стоки, и на контото 660 — Трговски стоки, се искажуваат набавените трговски стоки по набавна или продажна цена како и залихите на трговски стоки. Ако стоките се водат по продажна цена, за фактурниот износ се одобруваат контото на добавувачот, за зависните трошоци на набавените стоки — контата на временското разграничување, а за разликата во цената, контото 669 — Разлика во цената на трговските стоки. Организациите од општествените дејности што вршат и трговска дејност, данокот на промет пресметан на залихите, го книжат на контото 669 — Разлика во цената на трговските стоки.

Контата од класата 6 — Производство, готови производи и трговски стоки ги применуваат само оние организации од општествените дејности кои, покрај основната дејност, вршат и производна односно прометна дејност.

КЛАСА 7: — **Вкупен приход и неговата расподелба**

34. На контата од групата 70 — Трошоци на реализирани производи и услуги, се искажува вредноста на реализираните производи и услуги, утврдена според одредбите на член 87 од Законот за средствата на работните организации.

На контото 700 — Трошоци на реализираните производи и услуги, се искажува вредноста на реализираните производи и производствени услуги утврдена според одредбите на член 87 од Законот за средствата на работните организации.

Организациите од општествени дејности при книжењето на реализацијата на готовите производи, го задолжуваат контото 700 — Трошоци на реализираните производи и производствени услуги, во корист на контото 630 — Готови производи, а кај реализираните производствени услуги — во корист на контото 600 — Производство и сопствени полупроизводи.

На контото 701 — Трошоци на реализираните непроизводствени услуги, се искажува вредноста на реализираните непроизводствени услуги утврдени според одредбите на член 87 од Законот на средствата за работните организации.

Организациите од општествените дејности што не вршат производствено-услужна и трговска дејност, го задолжуваат контото 701 — Трошоци на реализирани непроизводствени услуги за износот на вкупните трошоци содржани во реализираните непроизводствени услуги на класата 4 — Трошоци, во корист на контото 490 — Распоред на трошоците.

На контото 708 — Трошоци на друга реализација, се искажуваат трошоците во врска со реализацијата на другите производи и услуги што не се

опфатени со контата на оваа група, како што се трошоците во врска со изведувањето на инвестициони работи во сопствена режија и други работи што се изведуваат на товар на сопствените фондови.

На контото 709 — Трошоци на интерната реализација, се искажуваат трошоците на интерната реализација, што според член 8 став 3 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации се сметаат како вкупен приход, а одделно трошоците на другата интерна реализација.

35. На контата од групата 71 — Набавна вредност на реализираните трговски стоки, материјали и отпадоци, се искажува вредноста на реализираните количества — трговски стоки, материјали и отпадоци, во висина на набавната вредност.

Контото 710 — Набавна вредност на реализираните трговски стоки, материјали и отпадоци, се задолжува за вредноста на реализираните трговски стоки — материјали и отпадоци по набавната цена во корист на контото 660 — Трговски стоки, а за набавната вредност на реализираните материјали и отпадоци во полза на соодветното конто од класата 3.

Ако вредноста на трговските стоки се води по продажната цена, во корист на ова конто се книжи и остварената разлика во цената на трговските стоки од контото 669 — Разлика во цената на трговските стоки, така што на ова конто треба да се формира набавната вредност на реализираните трговски стоки. Доколку постои обврска за плаќање на данок на промет на стоки на мало на продадените количества материјали со износот на тој данок не се товари контото 710 — Набавна вредност на реализираните трговски стоки, материјал и отпадоци, туку претставува запрен данок и се книжи како и данокот на промет на стоки на мало во групата продажба на стоки.

На контото 719 — Трошоци на реализираните трговски стоки се искажуваат трошоците на организациите од општествените дејности што вршат и трговска дејност, а кои трошоци претходно во пресметковниот период се книжени на контата од класата 4 — Трошоци, што се покриваат на товар на остварената реализација во пресметковниот период.

36. На контото 730 — Вонредни расходи, се искажуваат сите трошоци што не го товарат непосредно производството односно трошоците на редовното работење и кои повремено се јавуваат во работењето на работната организација.

37. На контото 740 — Данок на промет, се искажува пресметаниот износ на данок на промет што влегува во вкупниот приход со одобрување на контото 800 — укалкулиран дел на доходот.

38. На контата од групата 75 — Реализација на производите и услугите, се искажува вредноста на реализираните производи и услуги според продажната цена, без данокот на промет на стоки на мало.

За вредноста на реализираните производи и услуги по продажната цена се одобруваат соодветните конта од групата 75 — Реализација на производите и услугите, и контото 260 — Обврски по запрениот данок на промет, ако се во прашање производи што подлежат на обврска за плаќање данок на промет на стоки на мало, со истовремено задолжување на соодветните конта во класата 0, 1 и 3 за вкупниот износ со данокот на промет на стоки на мало.

На товар на контата од групата 75, се книжат дадените рабати и попусти, како и однапред договореното каса-сконто, одобрени на купувачите за продадените и извршените услуги.

На контото 750 — Реализација на производите и производствените услуги, се искажува вредноста на реализираните производи и производствените услуги по продажната цена, без данокот на промет на стоки на мало

На контото 751 — Реализација на непроизводствените услуги, се искажува вредноста на реализираните непроизводствени услуги т. е. приходите остварени со вршење на образовна и воспитна дејност, научна и културна дејност, здравствена дејност, социјална заштита и спорт како и приходите од вршење на други непроизводствени услуги.

На контото 758 — Друга реализација, се искажува вредноста на другите производи и услуги за кои не се предвидени посебни конта во оваа група, како што е реализацијата на инвестиционите работи во сопствена режија и на другите работи што се изведуваат на товар на сопствените фондови.

На контото 759 — Интерна реализација на производите и услугите, се искажува вредноста на реализираните производи и услуги што се остварува во работењето со други самостојни организации на здружениот труд во состав на работната организација во смисла на член 8 став 3 од Основниот закон за утврдувањето и распределбата на доходот во работните организации, а посебно другата интерна реализација.

39. На контото 760 — Реализација на трговски стоки, материјали и отпадоци, се искажува вредноста на продадените трговски стоки, материјали и отпадоци, по продажната цена без данок на промет на стоки на мало.

За вредноста на реализираните трговски стоки, материјали и отпадоци, без данок на промет на стоки на мало, се признаваат контата од оваа група, додека данокот на промет на стоки на мало му се признава на контото 260 — Обврски по запрениот данок на промет, односно на контото 290 — Пасивни временски разграничувања, ако роковите за пресметување и уплата се различни. За вкупниот износ на вредноста на трговските стоки, материјали и отпадоци се задолжуваат контата на купувачите, благајната, жиро-сметката и т. н.

На контата од групата 76 — Реализација на трговски стоки, материјали и отпадоци, се книжат разни рабати, попусти и каса-сконта, што се однапред договорени.

40. На контата од групата 78 — Други приходи, се искажуваат: дел од приходите во смисла на член 8 став 2 на Основниот закон за утврдувањето и расподелбата на доходот во работните организации и приходите што повремено се јавуваат во работните организации, а не можат да се искажат како приходи на контата од групите 75 и 76.

На контото 780 — Приходи од камати, се искажуваат приходите од камати на депонирани средства и по основ на учество во кредитниот фонд на банката, приходот од камата на позајмени средства односно од каматата засметана на вредноста на стоките продадени на кредит, односно на услугите извршени на кредит, ако според посебни прописи не се внесуваат и во другите посебни средства на работната организација.

На контото 781 — Приходи од дотации, субвенции и сл., се искажуваат приходите по основ на дотации и субвенции што влегуваат во вкупниот приход. Дотациите, субвенциите и сл. што според посебни прописи се внесуваат во фондовите и во другите посебни средства на работната организација (наменски дотации, вклучувајќи ги и дотациите за покривање на загуба) се книжат на други соодветни конта.

На контото 783 — Надоместок за покривање на разликата во цената на залихите, се искажува дел на вредноста на залихите што се надоместува од резервниот односно од деловниот фонд на работната организација според одредбите на Законот за покривање разликата во цените при продажба на залихите на одделни видови стоки во 1968 и 1969 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/68) и од Законот за измена на Законот за средствата на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/68).

На контото 789 — Вонредни приходи, се искажуваат приходите што повремено се јавуваат во работната организација, а не можат да се искажат на кое и да било конто на групите 75 до 76.

41. На контото 790 — Распоред на разликата на реализацијата, се врши периодично пренесување на трошоците на реализацијата искажани на контата на групите 70 до 74 и вредноста на реализацијата, искажана на контата на групите 75 до 78.

Салдото на контото 790 — Распоред на разликата на реализацијата, претставува остварена разлика на реализацијата на производите и услугите и се пренесува на контото 830 — Остварен доход, ако е салдото побарувачко односно на контото 850 — загуба, ако е салдото долговно.

КЛАСА 8: — **Финансиски резултат**

42. На контото 800 — Укалкулиран дел на доходот, се искажуваат износите на укалкулираниот дел на доходот по основ на договорни и законски обврски и лични доходи со задолжување на контата од групата 45 — Укалкулиран дел на доходот и контото 740 — Данок на промет.

На крајот на пресметковниот период односно на крајот на годината преку контото 809 — Распоред на укалкулираниот дел на доходот, се пренесува делот на укалкулираниот доход што му одговара на реализираното производство, зависно од усвоениот начин на пренесување на трошоците, и тоа најмалку во делот што се однесува на работењето од кое е остварен доходот, односно онолку колку што е од укалкулираниот доход содржан во трошоците на реализираните производи и услуги на контото 830 — Остварен доход. Притоа, износот на данокот на промет се пренесува во вкупно укалкулираната висина (пресметан данок на промет).

На крајот на годината салдото на контото 809 — Распоред на укалкулираниот дел на доходот, се пренесува на контото 800 — Укалкулиран дел на доходот. По извршениот пренос салдото на контото 800 претставува укалкулиран дел на доходот, содржан во вредноста на залихите на недовршеното производство и готовите производи.

Работните организации од општествените дејности што не вршат производствено-услужна дејност, по правило, на крајот на годината на контата 800 и 809 не искажуваат салдо.

43. На контата од групата 83 — Остварен доход, се искажува утврдениот доход на работната организација и средствата што не влегуваат во вкупниот приход, како и распределбата на тој доход и тие средства.

Контото 830 — Остварен доход, се одобрува за износот на соодветниот дел на укалкулираниот дел на доходот како и за износот на разликата на реализацијата од контото 790 — Распоред на разликата на реализацијата.

Контото 831 — Средства што не влегуваат во вкупниот приход, се одобрува за износот на примените награди и други приходи што според посебни прописи не влегуваат во вкупниот приход на работната организација, а се задолжува со соодветното конто во класата 1.

На контото 839 — Распределба на остварениот доход и средствата што не влегуваат во вкупниот приход, се искажува распределба на остварениот доход на крајот на годината по завршната сметка и на средствата што не влегуваат во вкупниот приход.

Организациите од општествените дејности со завршната сметка вршат конечна распределба на доходот, задолжувајќи го контото 839 — Распределба на остварениот доход и средствата што не влегуваат во вкупниот приход, во корист на:

1. контата од групата 13 — Побарувања од доходот, за пресметаните договорни и законски обврски, личните доходи и исплатите за тековната заедничка потрошувачка и тоа кај организациите од општествените дејности што имаат и производствено-услужна дејност;

2. контата од групите 23, 24 и 25 кај организациите од општествените дејности што немаат сопствено производство во висина на укалкулираните и исплатени договорни и законски обврски и лични доходи;

3. контото 290 — Пасивни временски разграничувања, за износот на пресметаниот данок на промет од доходот што му одговара на износот евидентиран на контото 740;

4. контото 900 — Деловен фонд, за износот на делот од доходот издвоен за деловниот фонд;

5. контото 950 — Резервен фонд, за износот што како обврска е издвоен од доходот и за износот што е издвоен од доходот според одлуката на работната организација над износот што задолжително се издвојува;

6. контото 980 — Фонд за заедничка потрошувачка, за износот на делот на доходот што е издвоен за фондот за заедничка потрошувачка, вклучувајќи го и делот за покривање на тековните издатоци на заедничката потрошувачка во текот на годината;

7. контото 970 — Други фондови, за дел на доходот што е издвоен во другите фондови според посебните прописи и одлуки на органите на управување.

44. На контата од групата 85 — Загуба, се искажува загубата утврдена како разлика помеѓу трошоците на реализацијата и вредноста на реализацијата и загубата утврдена според завршната сметка на работната организација.

Разликата помеѓу трошоците на реализацијата и вредноста на реализацијата се пренесува на контото 850 — загуба, со одобрување на контото 790 — Распоред на разликата на реализацијата.

Работната организација од општествените дејности, што на крајот на годината ќе искаже долговно салдо на контото 850 — Загуба, ќе изврши книжење во корист на контото 859 — Покривање на загубата и тоа:

1. На товар на контата од групата 24 — Законски обврски, во сразмерен износ на сите законски обврски, во делот што се однесува на работењето од кое е остварен доходот, а во износот за кој тие средства не се доволни, ако ги исполнува условите од член 17 став 2 од Основниот закон за утврдувањето и расподелбата на доходот во работните организации;

2. на товар на контото 950 — Резервен фонд, за покривање на загубата до висината на резервниот фонд со кој работната организација располага;

3. на товар на контото 278 — Други обврски, за средствата примени на име дотација или санација без обврска за враќање во висина што е примена до изготвувањето на завршната сметка;

4. на товар на контото 185 — Непокриена загуба за износот на загубата што не можела да биде покриена на начин предвиден во одредбите под 1, 2 и 3 на овој став.

За износот на загубата кој може да се покрие од деловниот фонд истовремено се задолжува контото 900 — Деловен фонд, со одобрување на контото 901 — Обврски за користениот дел на деловниот фонд за покривање на загубата.

КЛАСА 9: **Трајни извори на средства**

45. На контата од групата 90 — Долгорочни извори на деловните средства, се искажуваат: деловниот фонд, изворите на средствата за заедничко работење и долгорочните заеми.

На контото 900 — Деловен фонд, искажуваат промените со кои се зголемува односно се намалува состојбата на деловниот фонд.

На контото 901 — Обврски за користениот дел на деловниот фонд за покривање на загубата, се искажува делот на деловниот фонд користен за покривање на непокриена загуба на друг начин при обврска за надоместување на средствата според санационата програма на работната организација во општествените дејности и одредбите на Законот за средствата на работните организации.

На контото 904 — Долгорочни кредити за основни средства, се води состојбата и движењето на долгорочните кредити за основни средства добиени од банките. На товар на ова конто се книжат отплатите по овие кредити.

На контото 905 — Долгорочни кредити за обртни средства, се води состојбата и движењето на долгорочните кредити за обртни средства добиени од банките. На товар на ова конто се книжат отплатите по овие кредити.

На контото 908 — Други долгорочни извори на деловни средства, се книжат промените и состојбата по другите долгорочни обврски за кои не е предвидено посебно конто во оваа група конта. На товар на ова конто се книжат отплатите и на санационите кредити од средствата за заеднички резерви, општествено-политичките заедници и др.

46. На контата од групата 91 — Краткорочни извори на деловни средства, се водат обврските по краткорочните кредити.

На контото 910 — Краткорочни кредити, се води состојбата и движењето по краткорочните кредити добиени од банките и други органи и организации.

На контото 918 — Други краткорочни извори на деловни средства, се водат другите краткорочни извори на деловните средства за кои не постои посебно конто во оваа група конта.

47. На контата од групата 95 — Извори на средствата на резервите, се водат резервниот фонд и другите извори на средства на резервите.

На контото 950 — Резервен фонд, се водат промените со кои се зголемува односно се намалува состојбата на резервниот фонд.

На контото 958 — Други извори на средствата на резервите, се водат промените на изворите на средствата на резервите што се формираат според посебни прописи.

48. На контото 970 — Други фондови, се водат промените преку кои се зголемува односно се намалува положбата на другите фондови.

49. На контата од групата 98 — Извори на средствата на заедничка потрошувачка, се води состојбата и прометот на фондот за заедничка потрошувачка и другите извори.

На контото 980 — Фонд за заедничка потрошувачка, се искажуваат промените што ја зголемуваат односно намалуваат состојбата на фондот за заедничка потрошувачка.

Контото 980 — Фонд за заедничка потрошувачка, на крајот на годината се задолжува и за износот на книговодствените отписи на средствата на заедничката потрошувачка со одобрување на контото 089 — Исправка на вредноста на средствата на заедничката потрошувачка. Притоа, се применуваат стопите на амортизацијата за отпис на вредноста на предметите што ги сочинуваат средствата на заедничката потрошувачка, пропишани со Законот за стопите на амортизацијата на основните средства на работните организации и Законот за стопите на амортизацијата и за користењето на средствата на амортизацијата во работните организации од општествените дејности.

На контото 981 — Кредити за заедничка потрошувачка, се водат промените во врска со кредитите добиени за набавка односно изградба на објекти и предмети од средствата за заедничка потрошувачка. На товар на ова конто се книжат отплатите по кредитите за оваа намена.

На контото 989 — Други извори на средства на заедничка потрошувачка, се искажуваат другите извори на средствата на заедничка потрошувачка за кои не е предвидено посебно конто во оваа група конта.

50. На контото 990 — Активни конта на вонбиланската евиденција и на контото 995 — Пасивни конта на вонбиланската евиденција, се искажуваат промените што немаат непосредно дејство врз големината и составот на средствата и нивните извори (депозитите, гаранциите и сл.). За искажување на тие промени се употребуваат парови на сите конта надвор од книговодството на работната организација.

Износите на вонбиланската евиденција се искажуваат во билансот на состојбата по збирот на билансот (под цртата).

51. При отворањето на деловните книги за 1969 година работните организации од општествените дејности кои до денот на донесувањето на Законот за книговодството на работните организации од општествените дејности воделе двојно книговодство по единствениот контен план за работните организации, ке ги пренесат состојбите искажани во завршната сметка за 1968 година на контата пропишани со Контниот план за работните организации од општествените дејности на следниот начин:

Конта од Контниот план за работ. орган. од општествените дејности		Конта од Единствениот контен план на стопанските организации
002	=	001, дел. 020, 002, дел 020
003	=	003, дел 020
008	=	006, дел 020, 007, 000, 004, 005
010	=	009, дел 020
023	=	дел 010, дел 021
028	=	дел 010, дел 021
030	=	дел 102, дел 103, дел 106 дел 109, 184
031	=	дел 008
050	=	дел 104
051	=	дел 104 и дел 107
070	=	дел 108
080	=	105, дел 106
087	=	046, 102 дел 103 дел 106 дел 107 и дел 186
088	=	040, 041, 042, 043, 044, 045, 047, 048, 123
089	=	049
100	=	100
101	=	110
102	=	112, 113, 119
108	=	101, 111, 173, 174, 175 и 176
120	=	120, 121, 122
125	=	124, 129, 130, 133, 134, 136, 137, 138, 139, 188 и 189
130)	=	Дел на пресметаната камата на кредитите содржан во залихите на недовршено производство и готови производи и во трошоците на ненаплатената реализација на крајот на 1968 година. Пресметувањето се врши со примена на формулата. (Салдата на контата од групите 52, 58 и 59 плус салдото на контата од групите 60 и 64, плус салдото на контото 198 се на крајот на 1968 година). (Долговна страна на контото 420 на крајот на 1968 година) × ———————————— Контата на групата 49 минус контата на групата 48)
130)	=	Дел на пресметаната премија за осигурување, содржан во залихите на недовршеното производство и готовите производи и во трошоците на ненаплатената реализација на крајот на 1968 година. Пресметувањето се врши со примена на формулата: (Салдата на контата од групата 52, 58, 59, плус салдото на контата од групите 60, 64, плус салдото на контото 198, се на крајот на 1968 година). (Долговна страна на контото 425 на крајот на 1968 година) × ———————————— Контата на групата 49 плус контата на групата 48)
130)	=	Дел на пресметаната провизија и други надоместоци за банкарски услуги, содржан во залихите на недовршеното производство и готовите производи и во трошоците на ненаплатената реализација на крајот на 1968 година. Пресметувањето се врши со примена на формулата:

(Салдата на контата од групата 52, 58 и 59 плус салдото на контата од групите 60 и 64, плус салдото на контото 198 се на крајот на 1968 година).

(Долговна страна на контото 413 на крајот на 1968 година

X ——————————————————

Контата на групата 49 минус контата на групата 48).

130) = ...

130) = 231, 239

130) = 150 до 154, 156, 157 и 158 по одбивање на делот што се пренесува на контото 130 — Пресметани други законски обврски, пресметан придонес за обнова и изградба на Скопје.

130) = Дел на пресметаните средства за станбена изградба содржан во залихите на недовршеното производство и готовите производи и во трошоците на ненаплатената реализација на крајот на 1968 година.

Пресметувањето се врши со примена на формулата:

Салдото на контото 268 на крајот на годината × 3,81

——————————————————

100

130) = Дел од 137 што се однесува на исплатите на тековната заедничка потрошувачка што не можеле да бидат покриени во 1968 година.

160) = Дел од контото на групата 16 — Односи со посебни погонски, деловни и други единици, кој се однесува на самостојните организации на здружениот труд.

165) = Дел од контото на групата 16 — Односи со посебни погонски деловни и други единици, кој се однесува на организациите на здружениот труд за кои со статутот не е предложено самостојно да се здобиваат и да го распределуваат доходот.

178 = 107, 170, 171, 172, 177, 180, 182, 183, 185 и 187.

185 = 850 дел на загубата од поранешните години што останал непокриен, за кој истовремено се намалува деловниот фонд во корист на контото 901 според новиот контен план (само делот за кој е намален деловниот фонд).

190 = Контата од групата 19 активни временски разграничувања што се пренесуваат во наредната година.

220 = 220, 221, 920

225 = 222 и 223

230 = 232.

231 = Неисплатен износ на обврската од соодветното конто спрема заводот за осигурување по основ на осигурување.

232 = Дел на неисплатените обврски по овој основ од соодветните конта на кои овие обврски се евидентирани.

230 = 233

238 = —

241 = Дел 239

242 = Дел 239

248 = 234 дел 239 и дел 249 и 244 (неуплатени придонеси за обнова и изградба на Скопје и др.)

250 = 250, 251, 258 и 259

255 = 238

260 = Дел од 234 кој се однесува на неизмирената обврска кај данокот на промет на стоки на мало по Тар. бр. 1 до 16 и дел од 276 што се однесува на запрениот данок на промет.

261 = 236, 237 и дел на 239 кој се однесува на придонесот за запослување

262 = на дел од 276

268 = 273, дел 276

275 = 272

278 = 210, 219, 230, 246, 270, 274, 275, дел 279 и дел 249 (неуплатен придонес на средствата на заедничката потрошувачка)

290 = Контата на групата 29 — пасивни временски разграничувања што се пренесуваат во следната година.

310 = 300, 301, 302, 303, 310, 311, 312, 313, 314, 315, 319, 350, 351, 352, 353 и дел од 390

360 = 360, 361, 362, 363, 364, 365, 366 и дел од 390

369 = 369

600 = 520, 521, 523, 524, 529, 580, 581, 590, 591 и 599

630 = 600, 601, 640, 641, 642 и 649

660 = 650, 651, 652, 653, 654, 655, 656, 660, 661, 680, 681, 682, 684, 686, 683, 688, 689.

669 = 690

700 = Дел 198 без делот кој се однесува на данокот на промет

701 = Дел 198 без делот кој се однесува на данокот на промет

708 = Дел 198 без делот кој се однесува на данокот на промет

709 = —

710 = Дел 198 без делот кој се однесува на данокот на промет

719 = на 198

730 = —

740 = Дел од контото 198 кој се однесува на данокот на промет (тар. бр. 17 до 20). Истовремено за износот на данокот на промет му се признава на контото 800 — укалкулиран дел на доходот на товар на соодветното аналитичко конто 299.

750 = 298 намален за данокот на промет на стоки на мало од контото 198

751 = Дел 298 намален за данокот на промет на стоки на мало од контото 198.

758 = Дел 298 намален за данокот на промет на стоки на мало од контото 198.

759 = —

760 = 298 намален за данокот на промет на стоки на мало од контото 198

780 = —

781 = —

783 = —

189 = —

790 = —

800 = 268 на крајот на годината и противставките на контата од групата 13 на новиот контен план според пресметката.

900 = 900

901 = дел 949

904 = дел 910

905 = 911, дел 912.

908 = Дел 910, дел 912, дел 920, дел 929

910 = Дел 913, 915

918 = Дел 913, 915 и дел 929

950 = 930

958 = Дел 939

970 = Дел 939

980 = Дел 940

981 = 919

989 = 943, 949

52. Работните организации од општествените дејности кои во 1968 година го воделе книговодството според методот на двојното книговодство, но во целост не го применувале единствениот Контен план, како и работните организации што воделе буџетско книговодство (просто книговодство), наместо контата од досегашниот контен план ќе ги стават наспроти контата од новиот контен план и соодветните сметки во точка 51 од ова упатство од своите деловни книги односно завршната сметка за 1968 година, како на пример:

— жиросметка	= конто 100
— купувачи	= конто 120
— добавувачи	= конто 220
— залихи на материјал	= конто 310
— амортизација	= конто 420 и т.н.

53. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1969 година.

Бр. 07-453/1

2 април 1969 година

Скопје

Републички секретар за финансии,

Драган Захариевски, с. р.

82.

Врз основа на член 5 од Законот за книговодството на работните организации од општествените дејности („Службен весник на СРМ" бр. 11/69), републичкиот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО
ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО БИЛАНСОТ НА ПОЛОЖБАТА, БИЛАНСОТ НА УСПЕХОТ, ЗАКЛУЧНИОТ ЛИСТ И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДЕЛОВНИОТ РЕЗУЛТАТ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА

1. Работните организации од општествените дејности (во натамошниот текст: организации од општествените дејности) ги пополнуваат обрасците за билансот на состојбата, билансот на успехот, заклучниот лист и деловниот резултат во текот на годината утврдени со Законот за книговодството на работните организации од општествените дејности („Службен весник на СРМ" бр. 11/69) според одредбите на ова упатство.

2. Податоците во сите обрасци од член 1 се искажуваат во цели износи (без пари), односно без децимали.

3. Билансот на состојбата на 31 декември 19—— година, се пополнува врз основа на книговодствената состојба, усогласена со вистинската состојба, на следниот начин:

1) Под реден број 1 до 72 се внесуваат податоците од соодветните конта наведени во колона 2 на овој образец, според состојбата искажана на одделни конта на крајот на годината.

Податоците во колоните 4 и 5 се внесуваат врз основа на решението за завршната сметка од претходната година, со тоа што во претколоната се искажуваат поединечните износи од наведените конта, а во главната колона вкупните износи од тие конта, односно групи на конта.

Податоците во колоните 6 и 7 се однесуваат на тековната година и се пополнуваат на истиот начин како и колоните 4 и 5.

Организациите од општествените дејности, настанати со спојување во текот на годината за која се поднесува завршната сметка, податоците за претходната година ги искажуваат на тој начин што ги собираат износите на соодветните податоци од завршната сметка за претходната година на сите споени организации.

Организациите од општествените дејности кои во текот на годината за која се поднесува завршната сметка се припоени други организации, податоците за претходната година ги искажуваат на тој начин што ги собираат износите на соодветните податоци од својата завршна сметка за претходната година и од завршните сметки за претходната година од организациите што им се припоени. Ако припоените организации имаат статус на самостојна организација на задружниот труд, а водат посебно книговодство, тие за претходната година ги внесуваат податоците од својата завршна сметка.

Организациите од општествените дејности кои во текот на годината се припоени други организации, покрај пополнетиот биланс на состојбата и биланс на успехот што ги поднесуваат за своето работење во текот на годината, заради статистичка обработка, посебно поднесуваат и пополнет биланс на успехот во кој ги внесуваат податоците за организациите што им се припоени. Во овој биланс на успехот се внесуваат податоци само за тековната година под ред. бр. 1 до 69, а во посебните податоци не се истакнуваат податоците од редните броеви 4, 5, 6 и 7 врз основа на завршните сметки од сите припоени организации за периодот од 1 јануари до денот на спојувањето.

Организациите од општествените дејности што се поделиле односно кај кои во годината за која се поднесува завршната сметка е извршено издвојување, ќе ги покажуваат, по претходна меѓусебна спогодба, податоците за претходната година само кај една од организациите настанати со поделба односно издвојување, додека другите организации настанати со поделба односно издвојување назначуваат во колоната за претходната година дека податоците се покажани кај определена организација, наведувајќи го називот на таа организација. Ако новите организации пред поделбата односно издвојувањето работеле како самостојни организации на здружениот труд, тие податоци за претходната година ги внесуваат од својата завршна сметка.

Организациите од општествените дејности, настанати со поделба во текот на годината за која се поднесува завршната сметка, меѓусебно ќе се спогодат која од нив, заради статистичка обработка, ќе го пополни посебно и билансот на успехот за работната организација што се поделила. Во овој биланс на успехот се внесуваат податоците само за тековната година од реден број 1 до 69, а во посебните податоци не се пополнуваат редните броеви 4, 5, 6 и 7 врз основа на завршната сметка на поделената работна организација.

Организациите од општествените дејности основани во тековната година во колоната за претходната година ставаат ознака „Новооснована организација".

Самостојните организации на здружениот труд во работна организација во својство на правно лице и организациите во состав на здружените организации на општествените дејности го пополнуваат билансот на состојбата на начин предвиден за организациите од општествените дејности.

Самостојните организации на здружениот труд во организациите од општествените дејности без својство на правно лице билансот на состојбата го пополнуваат само ако е тоа предвидено во статутот на организацијата од општествените дејности.

Збирниот биланс на состојбата за организацијата од општествените дејности како целина која во својот состав има самостојни организации на здружениот труд со својство на правно лице и збирниот биланс за здружената организација од општествените дејности како целина, претставува прост збир на елементите од билансот на состојбата на одделните организации на здружениот труд односно на одделните организации во состав на здружените организации од општествените дејности.

Ако со статутот на организацијата од општествените дејности е предвидено и самостојните организации на здружениот труд без својство на правно лице да пополнуваат биланс на состојбата, податоците за овие самостојни организации на здружениот труд во збирниот биланс на организацијата од општествените дејности како целина се внесуваат на начин наведен во претходниот став.

Овие одредби аналогно ќе се применуваат и при составувањето на билансот на успехот и деловниот резултат во текот на годината.

Под реден бр. 4 се искажуваат паричните средства што не се искажани под другите редни броеви, како што се: средствата на доходот ако се издвоени на посебна сметка кај Службата на општественото книговодство, за депозит на неисплатените лични доходи, динарските средства наменети за купување на девизи, отворените акредитиви во динари и др.

Под ред. бр. 5 и 7 се искажуваат побарувањата според бруто-принципот

Под ред. бр. 8 Организациите од општествените дејности што вршат производно-услужна дејност и што имаат залихи на недовршено производство и готови производи ги искажуваат договорните и законските обврски и личните доходи содржани во залихите, доколку одлучат залихите да ги водат во смисла на одредбите на член 87 од Законот за средствата на работните организации.

Под ред. бр. 9 Организациите од општествените дејности што вршат производствено-услужни дејности и имаат залихи на недовршено производство и готови производи, го искажуваат делот на потрошените средства за тековната заедничка потрошувачка содржан во вредноста на залихите, согласно одредбите од член 14 на Законот за утврдување и расподелба на доходот во работните организации.

Под ред бр. 13 до 17 Се искажуваат залихите по вредности утврдени според член 87 од Законот за средствата на работните организации според нето-принципот, доколку организацијата од општествените дејности ги води залихите по плански цени.

Под ред. бр. 28 се искажуваат средствата што се за подолг период имобилисани, а се искажани на контата означени во колоната 2.

Под ред. бр. 29 Се внесуваат износите на договорените и законските обврски исплатени во поголем износ отколку што требало да се плати.

Под ред. бр. 30 Се искажува делот на загубата од контото 185 во износ што е покриен од деловниот фонд и се наоѓа на контото 901.

Под ред. бр. 31 Се искажува остатокот на непокриената загуба. Овој износ се добива кога од вкупно непокриената загуба од контото 185 ќе се одбие делот на загубата искажан под ред. бр. 30.

Под ред. бр. 32 Се искажуваат паричните средства на задолжителниот и незадолжителниот дел на резервниот фонд.

Под ред. бр. 33 Се искажуваат пласманите од средствата на резервниот фонд, како на пример: 20% орочени средства од задолжителниот дел на резервниот фонд и сл.

Под ред. бр. 57 Се искажуваат обврските по запрениот данок на промет на стоки на мало што не е елемент на вкупниот приход ниту пак, законската обврска.

Под ред. бр. 63 Се искажува укалкулираниот дел од доходот (договорните и законски обврски и личните доходи) содржани во вредноста на залихите на недовршеното производство и готовите производи. Овој износ, по правило треба да е еднаков во износот под реден број 8.

4. Билансот на успехот, се пополнува врз основа на книговодствените положби земени од соодветните конта наведени во колона 2 од овој образец.

Податоците во колона 4 се внесуваат од одобрената завршна сметка за претходната година.

Податоците во колона 5 се внесуваат од соодветните конта од колоната за тековната година.

Под ред. бр. 1 Се искажува вредноста на залихите на недовршеното производство, на сопствените полупроизводи и готови производи со положба на почетокот на годината и тоа само до висина на потрошените средства (материјални трошоци и амортизација) искажани на контата означени во колона 2.

По исклучок, во 1969 година под овој реден број се внесува и дел од трошоците содржани во ненаплатената реализација (сметка 198) во висина на материјалните трошоци и амортизацијата.

Под ред. бр. 2 до 6 се внесуваат вкалкулираните износи од контата наведени во колона 2.

Под ред бр. 4 се внесуваат износите за личните издатоци што паѓаат на товар на трошоците на работењето и тоа:
- дневници за службени патувања и преместувања и патни паушали;
- дневници за службени патувања и преместувања во странство;
- теренски додатоци и надоместоци за одвоен живот од семејството;
- награди на ученици во стопанството и авторски хонорари;
- издатоци за службена и работна облека;
- издатоци за превоз на работниците на работа и од работа;
- награди за работа на студенти и ученици од средни школи за времето на практичната работа и
- провизии на деловните агенти кај издавачките претпријатија и др.

Под ред. бр. 8 Се внесува износот на набавната вредност на реализираната трговска стока, материјалите и отпадоците без данок на промет на стоки на мало, во вкупниот износ што е книжен на контата наведени во колона 2.

Под ред. бр. 9 се искажува износот на вонредните расходи од кои треба да се одземат разликите настанати при инвентарисувањето само кај залихите на недовршеното производство, сопствените полупроизводи и готовите производи (разлики меѓу книговодствената и стварната положба на залихите), со оглед на тоа што овие разлики се книжени при инвентарисувањето на споменатите залихи на товар на вонредните расходи.

Под ред. бр. 11 Се искажува вредноста на недовршеното производство, сопствените полупроизводи и готовите производи со состојба на крајот на годината и тоа само до висина на потрошените средства (материјални трошоци и амортизација) искажани на контата означени во колона 2.

Под ред. бр. 15 Во реализацијата влегува и вредноста на недовршеното производство, сопствените полупроизводи и готовите производи, што при пописот е книжена како кусок на товар на одговорните лица, ако овој кусок претходно не е веќе книжен како реализација.

Под ред. бр. 16 Се внесува вредноста на реализацијата на производите и услугите остварена меѓу самостојните организации на здружениот труд која се смета како вкупен приход и друга интерна реализација.

Под ред. бр. 19 Се искажува другата реализација што не е наведена во другите сметки на реализацијата како на пример:
- реализација на инвестициите во сопствена режија;
- реализација на инвестиционото одржување на основните средства;
- реализација на поправките и одржувањето на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите и др.

Под ред. бр. 22 Се искажува надоместокот за покривање разликата во цените на залихите на одделни видови стока извршена на товар на резервниот односно деловниот фонд според одредбите на:

— Законот за покривање разликите во цените при продажба на залихите на одделни видови стоки во 1968 и 1969 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/68);

— Законот за измени и дополнувања на Законот за средствата на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/68).

Под ред. бр. 23 Се искажуваат вонредните приходи од кои треба да се одбијат утврдените вишоци при пописот само кај недовршеното производство, сопствените полупроизводи и готовите производи (разликата меѓу стварната и книговодствената положба) бидејќи тие се веќе книжени при пописот како вонредни приходи.

Под ред. бр. 27 до 36 Се искажуваат износите кои според одлуката на работната организација се издвоени од доходот за покривање на исплатените аконтации по наведените основи.

Под ред. бр. 37 Се внесува износот што работната организација го дала врз основа на договор, од доходот на другите самостојни организации на здружениот труд за покривање на загубите на тие организации.

Под ред. бр. 39 Се внесува износот што организацијата на општествените служби го дала од доходот за потребите на општествените служби во смисла на член 12 став 3 од Основниот закон за утврдување и расподелба на доходот во работните организации.

Под ред. бр. 64 Се внесува износот што организацијата од општествените дејности го примила врз основа на договор од другите самостојни организации на здружениот труд за покривање на загубите.

Под ред. бр. 68 Се внесуваат податоците на начинот објаснет под ред. бр. 31 на билансот на состојбата.

Посебни податоци

Под ред. бр. 2 Се внесува износот на исплатените лични доходи без придонеси, т. е. без придонесот од личен доход од работен однос, придонесот за образование, придонесот за социјално осигурување и придонесот за запослување.

Под ред. бр. 3 Се внесува износот на исплатените придонеси од личниот доход наброени под реден бр. 2.

Под ред. бр. 4 Се внесува износот на просечно користените основни средства, кој се пресметува на тој начин што збирот на состојбата на почетокот на секој месец и на крајот на годината (31 декември) на сметките на групата 00,01 и дел од сметката 120 кој се однесува на заедничките вложувања во основни средства, намален за збирот на месечните положби на сметките од групата 02, а поделено со бројот на месеците плус 1 односно со бројот на положбите земени во пресметувањето.

Под ред. бр. 5 Се внесува износот на просечно користените обртни средства, кој се пресметува на тој начин што збирот на положбата на почетокот на секој месец и на крајот на годината (31 декември) на групите на сметките 90 и 91, кога од збирот на износите на сметките 90 и 91 се одбие износот на просечно користените основни средства (реден бр. 4) и износот на основните средства во (група на сметките 03). Добиениот износ треба да се зголеми за износот на користените средства за обртни намени од резервниот фонд (дел на сметката 050), фондот на заедничката потрошувачка (дел од сметката 080), и другите фондови (дел од сметката 070).

Под ред. бр. 6 Се внесува податокот за бројот на запослените врз основа на бројната состојба на крајот на секој месец во текот на годината.

Под ред. бр. 7 Се внесува износот на укалкулираните работни часови кој се дели со бројот на работните часови на работникот од редовен работен однос. Бројот на работните часови за еден работник се пресметува така што бројот на изработените месеци се помножува со бројот на часовите предвидени со општиот акт на работната организација.

Под ред. бр. 8 Се внесуваат сите издатоци извршени во текот на годината за стручно образование на кадрите, без оглед на изворите на финансирање.

Под ред. бр. 11 Се внесуваат стварно исплатените трошоци за инвестиционо одржување на основните средства без пренесената положба.

Под ред. бр. 12 и 13 Се внесуваат податоците за потрошените средства за заедничка потрошувачка според наведените намени, врз основа на податоците за промените настанати во текот на годината на сметка 080,

Под ред. бр. 14 Се внесува положбата на непотрошените средства за станбена изградба од делот пресметан по стопа од 4% врз основа на движењето на овие средства на сметките 980 и 080, со тоа што во оваа положба се вклучуваат и средствата што се привремено користени како обртни, а до крајот на годината не се вратени.

Под ред. бр. 19 Се искажуваат примените износи од работните организации за стручно образование на кадрите и слично.

Под ред. бр. 20 Се искажуваат приходите од граѓаните и граѓанско правните лица, надоместоци за учество во трошоците на образованието, надоместоците за болнички трошоци и др.

Под ред. бр. 24 Се искажуваат приходите на научно-истражувачките установи по други основи, а не по основ на научно-истражувачката работа.

Податоците искажани под реден бр. 15 до 23, одговараат на ред. бр. 24 од Билансот на успехот.

5. Заклучниот лист на ден ———— 19—— година, се пополнува на следниов начин:

во колона 3 се внесуваат сите конта пропишани со контниот план;

во колоните 4 и 5 се внесува почетната положба на одделни пропишани конта т. е. пренесената положба од претходната година;

во колоните 6 и 7 се внесува прометот во текот на годината без почетната положба по сите пропишани конта;

во колоните 8 и 9 се внесува вкупниот промет на пропишаните конта т. е. збирот на колоните 4 и 5 во колона 8, а збирот на колона 5 и 7 во колона 9;

во колоните 10 и 11 се внесува салдото на сите пропишани конта кои покажуваат положба, а во колоните 12 и 13 се внесуваат салдата на сметката на успехот.

6. Деловниот резултат во текот на годината се пополнува врз основа на книговодствените положби од соодветните конта наведени во колона 2 од овој образец.

Податоците од реден број 1 до 36 се внесуваат на истиот начин како што е објаснето за пополнувањето на билансот на успехот, со исклучоци кои посебно се објаснуваат со тоа што расподелбата на доходот од ред. бр. 27 до 38 е од привремен карактер, бидејќи според одредбите на член 11 од Основниот закон за утврдувањето и расподелбата на расходот на работните организации, крајна распределба на доходот се врши на крајот на годината со завршна сметка.

Образецот деловен резултат во текот на годината, се пополнува на следниот начин:

— податоците во колона 4 се внесуваат од периодичната пресметка за истиот претсметковен период од минатата година;

— податоците во позициите на деловниот резултат во текот на годината се пополнуваат аналогно на пополнувањето на истоимените податоци во билансот на положбата и билансот на успехот, со тоа што не се врши крајна расподелба на доходот.

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 07-453/1
2 април 1969 година
Скопје

Републички секретар за финансии,
Драган Захариевски, с. р.

83.

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија, Републичката изборна комисија за спроведување изборите за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 1 април 1969 година, донесе

РЕШЕНИЕ

1. Се ослободува од должност — член на Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија со седиште во Тетово — Мелко Антевски.

2. За член на Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на СР Македонија, со седиште во Тетово се именува Митре Димчевски, работник во Собранието на општината Тетово.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 139
1 април 1969 година
Скопје

Секретар, **Никола Алексовски**, с. р. Претседател, **Киро Никовски**, с. р.

84.

ОБЈАВА
НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ПОТВРДЕНИ КАНДИДАТУРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 91 став 2 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 4/69), Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги

ОБЈАВУВА

ИМИЊАТА НА ДОПОЛНИТЕЛНО ПОТВРДЕНИТЕ КАНДИДАТУРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ИЗБОРНИТЕ ЕДИНИЦИ ТЕТОВО IV И ТЕТОВО V

Општинската изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на основа поднесените кандидатури од собирите на избирачи, ги потврдија кандидатурите на следните кандидати за пратеници на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во овие изборни единици:

1. Ахмет Хациасани и Наќил Абдиу во Изборната единица ТЕТОВО IV.

2. Асим Јусуфи во Изборната единица ТЕТОВО V.

К. Бр. 136/2
4 април 1969 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Никола Алексовски**, с. р. Претседател, **Киро Никовски**, с. р.

Oiласен дел

РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, рег. бр. 1/56, книга Ш, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Славевски Н. Борис, директор на Земјоделската задруга „Рашанец" село Прентов Мост".

Се овластува Аврамовски М. Леон, директор, покрај досегашниот потписник Ристевски Цветко, да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 435/68. (2050)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. IX. 1968 година, рег, бр. 98/55, книга Ш, е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделското стопанство „Градинар" од Охрид, уште со: промет на мало и големо со сите видови земјоделски производи, преработки од земјоделски производи, јужно овошје и зачини.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 03-420 од 5. VI. 1968 година на работничкиот совет на Земјоделското стопанство „Градинар" од Охрид и решението бр. 07-8012/1 од 2. IX. 1968 година на Одделението за надзор и контрола и Пазарната инспекција на Собранието на општината Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 425/68. (2059)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. VII. 1968 година, рег. бр. 11/62, книга П, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Бадалоски Наум, директор на Фабриката за метални производи „Борис Кидрич" од Струга.

Се овластуваат досегашните потписници Јаулоски Антоние, в.д. директор и Кочоски Анастас, да ја потпишуваат фабриката.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 350/68. (1928)

ХОТЕЛСКОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „МАКЕДОНИЈА-ТУРИСТ" — СКОПЈЕ

ул. Моша Пијаде бр. 12

Врз основа на Правилникот за начинот на постапката за отстапување изградба инвестициони објекти („Службен лист на СФРЈ" бр. 28/67)

распишува

ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

за отстапување на објекти — работи за изградба на комплекс МОТЕЛ СО АВТОКАМП кај с. Белимбегово — Скопско, со следните објекти:

— мотел II + 5 ката,
— бунгалови „А" 9 комада,
— бунгалови „Б" 11 комада,
— базен за пливање,
— игралишта за тенис и одбојка,
— санитарни чворови 4,
— надстрешници за готвење 3,
— рецепција со бифе и продавница,
— бензинска помпа,
— автосервис,
— игралиште за мини-гол,
— надворешен водовод и канализација,
— надворешна расвета и развод,
— далекувод 1,5 км.,
трафо-станица (само електричен дел),
— надворешен телефонски развод,
— помпна станица за вода,
— мостови преку каналот,
— ограда на кампот,
— канал — езеро низ комплексот,
— пристапни и внатрешни патишта како и
— комплетирање на урбанистичкото решение
— според деталите — проектите.

Ориентационата вредност на наведените објекти — работи изнесува 13.000.000,00 динари.

Рокот за завршување на работите е до една година од денот на потпишувањето на договорот.

Гарантниот рок за изведените работи ќе изнесува две години по предавањето на објектот — работите.

Јавното наддавање ќе се одржи на ден 6. V. 1969 година (вторник) со почеток во 9 часот во просториите на „МАКЕДОНИЈА-ТУРИСТ" — Гранд хотел „Скопје".

Понудите во запечатен плик — со ознаки понуда за јавно наддавање" и плик со документација (решение за регистрација на дејноста и полномошно за присутниот учесник при отворањето на понудите) — со ознака „документација за јавно наддавање" можат да се достават по пошта на предната адреса или да се предадат лично на Комисијата за јавно наддавање, одредениот ден и тоа најдоцна до 9 часот.

Неблаговремено пристигнатите понуди преку пошта или лично предадени, како и понудите без документација нема да се земаат во предвид.

Во јавното наддавање (по пат на прибирање понуди) имаат право да учествуваат организациите регистрирани за дејноста во која спаѓаат работите што се предмет на ова наддавање.

Учесниците можат да поднесат понуди посебно за објектите, инсталациите и патиштата, со тоа што за секоја од нив се поднесува посебна понуда.

За резултатот од наддавањето учесниците ќе бидат писмено известени во срок од 15 дена, сметано од денот на одржаното наддавање.

Инвестиционо-техничката документација, како и посебните услови за наддавањето кои учесникот ги потпишува пред наддавањето, заинтересираните можат да ја разгледаат секој работен ден од 8 до 14 часот во просторијата (БАНКЕТ САЛА) во хотел „ТУРИСТ" — Скопје (ул. Г. Стругар бр. 11).

Сите обавестувања можат да се добијат директно или преку телефон бр. 33-757. (428)

СОДРЖИНА

Страна

77. Наредба за одредување ловостој на одредени видови риби и ракови — — — — 297
78. Наредба за забрана ловење на одредени видови риби и ракови под одредена големина — — — — — — — — — — 297
79. Наредба за ограничување употребата на риболовни средства за стопански и спортски риболов — — — — — — — — — 298
80. Упатство за обрасците на легитимацијата за стопански риболов и на дозволи за спортски риболов — — — — — — — 298
81. Упатство за содржината на одделни конта во контниот план за работните организации од општествените дејности — — — — 299
82. Упатство за содржината на одделни позиции во билансот на положбата, билансот на успехот, заклучниот лист и образецот за деловниот резултат во текот на годината — — — — — — — — — — 308
83. Решение бр. 139/69 на Републичката изборна комисија — — — — — — — — 311
84. Објава на Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија за дополнително потврдените кандидатури за пратеници на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 311

Издавач: Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.